# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во трет квартал од 2019 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за трет квартал биле реализирани приходи во износ од 661.489.132,00 денари,од планираните 918.673.123,00 денари од вкупниот буџет на општина Битола, или 72% остварени, додека реализираните расходи се во износ од 466.680.712,00 денари од планираните 918.673.123,00 денари од вкупниот буџет на Општина Битола или 50,80%.

***Динамика на движење на приходите во третиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, за третиот квартал, од планираните 21.515.000,00 денари од вкупниот буџет, остварени приходи се во износ од 18.500.099,00 денари или 85,99%.

Ставка 713- Данок на имот за третиот квартал, од планираните во вкупниот буџет 157.400.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 100.746.766,00 денари или 64,01 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во третиот квартал, од планираните 170.220.000,00 денари остварени приходи се во износ од 139.455.444,00 денари или 81,93%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 31.919.462,00 денари остварени се 13.092.039,00 денари или 41,02 %.

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси во третиот квартал, од планираните 3.800.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 2.053.878,00 денари, или 54,05%.

Ставка 723-Такси и надоместоци во третиот квартал ,од планираните 12.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 9.412.599,00 денари, или 78,44%.

Ставка 724-Други владини услуги во третиот квартал е реализирана со 3.000,00 денари, нема планиран износ.

Ставка 725- Други неданочни приходи во вториот квартал, од планираните 95.457.088,00 денари, остварени приходи се во износ од 114.232.903,00 денари или 100 %.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 54.254.710,00 денари остварени се 21.876.308,00 денари или 40,32 %.

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт во третиот квартал, од планираните 372.106.862,00 денари, остварени се приходи во износ од 242.116.096,00 денари или 65,07%.

***Динамика на движење на расходите во третиот квартал***:

***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во вториот квартал во износ од 32.458.874,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 51.179.800,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 12.140.158,00 денари од вкупно планирани во буџетот 18.021.560,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во третиот квартал реализирани се трошоци од 7.187.413,00 денари од планираните 9.380.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не е реализирана, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви реализирани трошоци во износ од 26.500,00 денари, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 825.147,00 денари од планираните 1.421.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 136.787.868,00 денари, од планираните 174.096.784,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 3.697.446,00 денари, од планираните 6.054.348,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 47.375.015,00 денари од планираните 70.519.574,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во третиот квартал во износ од 89.529.932,00 денари од планираните 105.554.754,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 10.348.447,00 денари, од планираните 18.377.138,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 2.553.468,00 денари, од планираните 3.820.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 300.000,00 денари , во третиот квартал реализирани се трошоци во износ 207.080,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 30.236.000,00 денари, од планираните 35.100.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 19.144.414,00 денари од планираните 29.028.680,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 1.700.000,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 1.065.140,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 4.045.915,00 денари од планираните 4.250.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 392.262,00 денари од планираните 3.883.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 46.231.331,00 денари од планираните 335.292.185,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел, реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 215.281,00 денари од планираните 254.300,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 6.624.711,00 денари од планираните 16.050.000,00 денари.

Ставка 491-Отплата на главница, реализирани расходи за вториот квартал се во износ од 15.588.310,00 денари од планираните 16.000.000,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила од планираните 17.990.000,00 денари, не се реализирани трошоци во третиот квартал.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 50,80%.Програмата А0-Совет на општината е реализирана со 78,74%,програмата А3-Подмирување на доспеани,а неплатени обврски е реализирана со 100%,програмата Г1- Локален економски развој е реализирана со 55,77%, програмата ГД-Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 2,30%, програмата Д0- Градоначалник е реализирана со 75,09 %, Д1-Месна самоуправа е реализирана со 57,61%, програмата Е0- Општинска администрација е реализирана со 60,39 %,програмата ЕА-Капитални трошоци на општината е реализирана со 2,40%, програмата Ј3- Јавно осветление е реализирана со 53,30 %, програмата Ј4- Јавна чистота е реализирана со 82,96%, програмата Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е реализирана со 65,31%, Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%,програмата Ј8-Други комунални услуги е реализирана со 10,59%, програма ЈА-Изградба на јавно осветление е реализирана со 1,28%, програмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 38,25%, програмата ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 19,48%, програмата ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализација е реализирана со 12,01%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 19,64%, К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 76,50%, ЛО-Спорт и рекреација со 88,27%, ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) со 11,08%,Н1-Основно образование со 78,69%, ЊО-Противпожарна заштита со 54,60% и Р1-Заштита на животната средина и природа е реализирана со 16,66%, Ф1- Урбанистичко планирање со 1%.

***Корисници на средства од наменска и блок дотација***:

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 528.583.352,00 денари, од планираните 735.906.667,00 денари, или 71,83 %.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за третиот квартал се во износ од 504.124.949,00 денари од планираните 735.906.667,00 денари или 68,50% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 325.600.863,00 денари, од планираните 453.357.872,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 123.590.581,00 денари, од планираните 172.650.541,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 29.009.499,00 денари од планираните 50.823.762,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423-Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 1.345.193,00 денари, од планираните 4.457.457,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 155.681,00 денари, од планираните 2.934.715,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 24.339.357,00 денари, од планираните 40.042.551,00 денари.

Ставка 426-Други оперативни расходи од планираните 413.921,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 83.775,00 денари.

Ставка 427-Привремени вработувања од планираните 328.000,00 денари, не се реализирани трошоци во третиот квартал.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 10.897.848,00 денари, не се реализирани средства во третиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1 Детски градинки е 59,44%, В2 Дом за стари лица 56,21 %, К3 Музејска и кинотечна дејност е 60,86 % Н1 Основно образование со 72,53 %, Н2Средно образование со 67,05 %, и програмата Ђ0 со 65,29 %.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Самофинансирачки активности** за третиот квартал се во износ од 39.420.516,00 денари од планираните 109.751.200,00 денари, или 35,92 %.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во третиот квартал се реализирани 30.772.165,00 денари од планираните 109.751.200,00 денари или 28,04 % и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во третиот квартал во износ од 2.815.000,00 денари, реализирани се 1.065.165,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 1.094.000,00 денари, реализирани се 409.491,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.654.000,00 денари, реализирани се во третиот квартал 354.969,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 9.371.700,00 денари, реализирани се 3.426.530,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 37.992.400,00 денари реализирани се 15.185.884,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 13.411.600,00 денари, реализирани се 2.108.118,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.538.000,00 денари реализирани се во износ од 3.775.970,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.877.500,00 денари, реализирани се 1.831.248,00 денари.

Ставка 427-Привремени вработувања планирана е со износ од 500.000,00 денари, нема реализација за трет квартал.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 3.264.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 677.624,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 9.005.000,00 денари, реализирани се 1.723.058,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 320.000,00 денари, не се реализирани трошоци во третиот квартал.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.270.000,00 денари, реализирани трошоци во третиот квартал во износ од 147.438,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 3.155.000,00 денари, не се реализирани средства во трет квартал.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 983.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 66.670,00 денари во третиот квартал.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 2.500.000,00 денари, не се реализирани средства во третиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1 Детски градинки со 26,55 %, В2 Дом за стари лица со 48,55%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 20,78 %,Н1 Основно образование со 10,18 %, и Н2 Средно образование со 15,63%.

Вкупните тековно оперативни приходи од **Донации** од планираните 97.397.072,00 денари, приходовани во третиот квартал се средства од 27.274.474,00 денари или 28% , додека за планираните расходи од 97.397.072,00 денари е реализиран износ од 18.188.730,00 денари или 18,67 %. Со средства од Донации се реализираат проектите на основните и средни училишта и проектите на Општина Битола.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Заеми** за третиот квартал реализирани се во износ од 62.664.292,00 денари од планираните 94.307.442,00 денари, или 66,45 %.

Вкупни капитални расходи за сметката **Заеми** во третиот квартал се реализирани во износ од 62.664.292,00 денари од планираните 94.307.442,00 денари или 66,45 % .

Б.Т.

Сектор за Финансиски прашања